


## Зошто „Алкалоид“?

Затоа што сме една од водечките фармацевтски компании во регионот, која постојано тежнее кон супериорен квалитет на производите, како и кон висока професионалност и континуиран успех. Постојано инвестираме во нашиот сон за поздрав живот на секој поединец затоа што веруваме дека **ЗДРАВЈЕТО Е ПРЕД СÈ!**

# ПРИКЛУЧЕТЕ СЕ КОН НАШИОТ ТИМ!

## Работно место: Помлад истражувач
## Оддел: Истражување и развој фармација – Развој на технологија и процес (Стабилност)

Доколку сакате да бидете дел од тимот на **Истражување и развој фармација – Развој на технологија и процес (Стабилност)** во модерна фармацевтска компанија која од секој аспект води грижа за своите вработени и доколку ги поседувате потребните квалификации, ПРИЈАВЕТЕ СЕ!

## Како ќе ве препознаеме?

- Имате завршено високо образование (Фармацевтски факултет, Природно-математички факултет – Хемија и Биохемија, Технолошки факултет).
- Работно искуство во лабораториска средина ќе се смета за предност, но не е задолжително.
- Имате основно стручно познавање на физичко-хемиските методи за анализа.
- Имате критички пристап спрема работата и аналитичко размислување.
- Ориентирани сте спрема континуирано подобрување на процесите и спрема навремено и точно изведување на работните активности.
- Поседувате изразени комуникациски вештини, како и способност за тимска работа и за поставување приоритети.
- Активно користите Microsoft Office (работа во MS Word, MS Excel и во PowerPoint).
- Имате одлично познавање на англискиот јазик.

## Цели и одговорности на работното место

- Учество во процесите за изведување практична работа при развој на нови производи, во согласност со проектен план и активности поврзани со подобрување на постојните производи
- Во согласност со аналитичка постапка, вршење евалуација за потребата од реагенси, стандарди, колони
- Подготовка на реагенси потребни за хемиски и за физички тестови
- Учество во анализи на производите поставени на формална стабилност, според договорените распореди и во согласност со регулаторните барања
- Учество во анализи за специфични студии на стабилност и во евалуација на лабораториски проби, трансфер-серии и валидациски серии.
- Учество во дневна и во интерна калибрација на соодветни инструменти (ваги, pH-метри, спектрофотометри, HPLC)
- Креирање картички (матични податоци) за студии за стабилноста на новите серии поставени на стабилност
- Поддршка на процесот за контрола на промени со договорени аналитички активности
- Водење точна евиденција за сите активности поврзани со анализа, чистење и со одржување опрема
- Следење на новите сознанија и водичи за аналитика, технологија и за стабилност во склоп на регулативата на лековите, регионално и национално
- Работење во целосна согласност со IMS-стандардот и со ISO-стандардите
- Примена на постојните мерки за безбедност и здравје при работа

## Што нудиме?

- Можности за континуиран професионален и личен раст и развој
- Компетитивни месечни приходи
- Дополнителни награди и придобивки во зависност од остварените цели
- Приватно здравствено осигурување
- Бенефиции за вработените и за децата на вработените

**АПЛИЦИРАЈТЕ** на следниов линк: https://career.alkaloid.com.mk/career_opportunities/details/107

*„Алкалоид“ АД Скопје застапува политика за недискриминација по ниту една основа и во согласност со своите клучни вредности ја промовира различноста во процесот на регрутација и на селекција.*

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè*